**ПРИКАЗИ**
**НА КНИГИ ВО ГОДИШЕН ЗБОРНИК**

**УДК: 049.3**

**Виолета ПЕТРОСКА-БЕШКА, *Оценување со тестови на знаење*, Филозофски факултет, Скопје, 2007, 107 стр.**

Книгата *Оценување со тестови на знаење* се состои од седум поглавја, секое со по неколку обработени поднаслови. Во првото поглавје, насловено *Тестовите на знаење како метод на оценување*, авторката ги образложува функциите на оценувањето, како и релацијата меѓу оценувањето, поучувањето и учењето. Понатаму, се презентира улогата на тестовите на знаење во наставата и нивната поврзаност со наставните цели и когнитивните процеси дефинирани со Блумовата таксономија на когнитивни цели во наставата. Следното поглавје е посветено на правење дистинкција меѓу различните *видови тестови на знаење* според три усвоени критериуми на поделба. Видовите тестови се прегледно споредени во однос на неколку стандардни карактеристики, а дискутирани се и нивните предности и недостатоци. Третото поглавје се задржува на сите чекори кои треба да се преземат во врска со планирање на тестот – од дефинирање на целта, наставните содржини и цели, до изработка на табела на спецификација. Понатаму, во делот насловен како *Објективни прашања: составување, бодување и анализирање,* авторката ги наведува можните формати на објективни прашања, водејќи ги читателите низ начините на нивно адекватно составување и бодување преку внимателно избрани упатства. При тоа, посебно вреден аспект е тоа што за прашањата со повеќечлен избор се наведуваат конкретни илутрации за тоа како може да се применат за различни наставни цели. Ова е особено важно, бидејќи често распространета предрасуда меѓу практичарите кои користат објективни тестови на знаење, е дека ваквиот вид прашања тешко може да се користи за проверка на повисоките когнитивни активности како што се примената на факти и принципи или интерпретирањето на каузалните односи. Упатствата, пак, за анализа на објективните прашања, се поддржани со примери кои им овозможуваат и на оние без предзнаења од областа на статистиката, лесно снаоѓање и примена на принципите преку кои се проверува квалитетот на составените прашања. Следното поглавје ги разгледува *видовите есејски прашања*, нивната коректна и некоректна употреба при проверката на знаењата, како и начините за нивно адекватно формулирање. Исто така, дадени се и насоки за објективно вреднување на одговорите од есејските прашања и тоа по пат на аналитички и холистички метод, со користење на однапред подготвена бодовна шема. Во делот кој се фокусира на *подготовка и задавање на тестот*, авторка-

та ги наведува сите конкретни чекори кои треба да се преземат за соодветно да се спроведе тестирањето, додека во поглавјето насловено *Формирање оценки од резултатите на тестот,* дава детални упатства за адекватно формирање оценки. Дискутирани се релативниот и апсолутниот систем на оценување, како и изведувањето оценки од комбинирани резултати добиени по пат на други техники на оценување. На крајот на трудот е наведена листа со користена литература од 22 библиографски единици, главно од странски автори. Во листата на литературата се наоѓаат сите книги од водечките автори во сферата на оценувањето на знаењата и мерењето на знаењата со помош на тестови.

Книгата е непроценливо корисно четиво за сите оние што се вклучени во наставниот процес во сите нивоа на образованието – од одделенска, до универзитетска настава. Со неа се обезбедува разбирање на улогата на тестирањето во наставата, на добрите страни и недостатоците на различните видови тестови и тестовни прашања, како и на начинот како тестовите можат да придонесат за ефективно оценување и подобрување на поучувањето. Авторката, на многу умешен начин ги презентира современите теориски достигнувања поврзани со различните нивоа на сложеност на знаењето. Сепак, на книгата пред сѐ може да се гледа како на прирачник кој оспособува за: (а) дефинирање на наставните цели на начин кој ја олеснува изработката на соодветни тестови на знаење; (б) изработка на тестови кои мерат најразлични наставни цели – од наједноставни (базирани на помнење), до најсложени (базирани на креативно и критичко мислење); (в) соодветна примена на тестови на знаење, која овозможува ефективно користење на добиените резултати; и (г) соодветна интерпретација на резултатите од тестовите, со полна свесност за нивното значење со сите можни ограничувања.

Книгата има одлична структура – содржаните информации се организирани на систематски и логичен начин во наведените поглавија и наслови во рамки на секое поглавие. За лесна читливост на книгата придонесува и јазикот кој е прилагоден на огромен дијапазон на публика. Читањето на книгата е дополнително олеснето преку прегледни табели во кои се сумирани информациите. Книгата изобилува и со примери што ги илустрираат носечките принципи на составување на квалитетни и ефикасни прашања и обработка и интерпретација на добиените резултати, придонесувајќи на тој начин кон исцрпноста на информациите што ги нуди. Од една страна, сите прашања и дилеми што се поставуваат при изработката и примената на тестовита на знаење може да се најдат одговорени во оваа книга. Од друга страна, во книгата отсуствува редунданца – содржините се растоварени од оние теориски концепти кои не се неопходни за да се сфати како тестовите на знаење најдобро може да се искористат за проверка на знаењата на учениците. Авторката на учебникот *Оценување со тестови на знаење* успева да воспостави еден вид интеракција со читателите. Поради лесно читливиот јазик, поставувањето прашање и деталните објаснувања кои им следат, како и низ внимателно избра-

ните примери, читателот добива впечаток дека присуствува на жива комуникација.

Освен што може да послужи како водечка (и единствена) литература за предметот *Тестови на знаење* наменет за студентите по психологија, книгата треба да се искористи и како неопходно четиво за секој наставник кој во своето оценување употребува писмена форма на проверка на знаењата (било објективни, било есејски тестови). Тука спаѓаат наставниците на сите нивоа на образование, вклучувајќи го и универзитетскиот кадар, од кого сè повеќе и сè посериозно се бара да знаат и умеат да користат алатки со кои ќе го објективизираат оценувањето на знаењата на студентите, следејќи ги барањата на европскиот кредит трансфер систем.

Поради сите наведени причини, со задоволство ја препорачувам на студентите по психологија, педагогија, на студентите од наставничките факултети и сите наставници вклучени во процесот на образование, со силно уверување дека користењето на начелата кои оваа книга ги нуди, ќе бидат од голема корист на учениците.

*Николина Кениг*,
Институт за психологија